20121383389

ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 9 октомври 2012 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ДНЕВНА БОЛНИЦА И БОЛНИЧКИ ДЕН ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за дневна болница и болнички ден во болничката здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 181/2011, 26/2012 и 63/2012) во член 2 став 1, во табелата кај услугата со шифра ДБ03- Дневна болница (сместување, оброк и труд на персоналот) за психијатрија со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија над 4 часа, во колоната со назив „референтна цена“ бројот „560“ се заменува со бројот „670“ .

Во член 2 став 2, во табелата кај услугата со шифра ДС01- Болнички ден во стационар (сместување, оброци и труд на персоналот) со вклучени здравствени услуги и медикаментозна терапија во психијатрија за болните, во колоната со назив „референтна цена“, бројот „710“ се заменува со бројот „960“:

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-18500/5
9 октомври 2012 година
Скопје

Управен одбор,
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.